Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Фондација Отворено општество - Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4030999370170

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар

Застапник: Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk, fani.karanfilova@fosm.mk

Телефонски број за контакт: 072/244-859

Лице за контакт: Надица Стамболџиоска, асистентка на извршната директорка

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**
**за 2021 година**

**Наслов на иницијативата: Унапредување на политиките за интегритет**

**Стратешки приоритет: Ред и правда**

**Приоритетна цел: Стоп за злоупотреби**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје) **Демократија и владеење на право, Поглавје 23 Правосудство и основни права, Антикорупциска политика**

**Образложение:** Законот за спречување на корупција и судир на интереси, го дефинира интегритетот" како „законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции".

Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, како своја посбна цел 3.3. има предвидено „зајакнување на интегритетот на институциите"[1].
Законот за јавна внатрешна финансиска контрола предвидува обврска за институциите да спроведат проценка на ризици и спроведување на потребните контроли со цел изложеноста на ризик да биде на прифатливо ниво или да се намалат последиците од можен ризик на прифатливо ниво.

Во Петтиот круг на оценка: Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот, ГРЕКО забележува дека „во однос на тековните активности поврзани со интегритетот (т.е. развојот на концептот и политиките за интегритет и изработка на упатства за проценка на ризикот од корупција и судирот на интереси), истите досега само се упатени од ДКСК на ниво на локалната самоуправа, не на ниво на централната власт"[2]. Но, според скорешни истражувања, дознаваме дека "дури 70% од општините немаат никаков документ за антикорупција", а „само неколку општини имаат усвоено стратегии за управување со ризиците кои во себе содржат определени антикорупциски елементи и механизми"[3].

ГРЕКО истото го укажува коментирајќи ги и централната и локалната власта, наоѓа дека „проценките за ризикот за интегритет не се вршат во пракса, се во рана фаза и чекаат да бидат целосно вградени во оперативните практики за управување и културата во рамките на јавниот сектор"[4].

| Приоритет/ Цел | Активност | Надлежен орган на државната управа |
|---|---|---|
| Координирано воведување на политики за интегритет во јавниот сектор, со што значително се зајакнува системот за превенција и рано откривање на корупцијата и судирот на интереси (наспроти супресија); | Изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола со воведување на казнени одредби (со одложена примена) за неисполнување на обврските за спроведување на компонентите дел од прифатените стандарди за внатрешна контрола како што се контрола на средина, управување со ризици, контроли, информации и комуникации, мониторинг, согласно член 13 од Законот; | Министерство за финансии ДКСК |
| Навремено преземање на мерки за спречување на корупција и судир на интереси, со што потенцијално се намалува зачестеноста и штетата предизвикана од | Изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во член 15 со кој ќе се бара од субјектите задолжително во управувањето со ризик да опфатат утврдување, процена и контрола на можните ризиците од корупција и судир на интереси; | Министерство за финансии ДКСК |

[1] МИОА, *Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 и Акциски план* (2018), стр.46. Достапно на: http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/srja_2018-2022_20022018_mk.pdf
[2] ГРЕКО, *Петти круг на оценка: Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот* (2018). Достапно на: https://rm.coe.int/-/168095378e
[3] НВО Инфоцентар, *Антикорупциски политики и практики на општините* (2020). Достапно на: https://nvoinfocentar.mk/opstinite-nemaat-politiki-i-mehanizmi-za-antikorupcija/
[4] Види n(1).

| | | |
|---|---|---|
| корупцијата и судирот на интереси; | Ревизија на Насоките за управување со ризикот од измама и корупција, со цел опфат на повеќе форми на корупција (моментално фокусот е во најголема мера на проневера, која е само една од мноштвото форми на корупција кое нашето законодавство ги препознава)[5][6]; | Министерство за финансии<br>ДКСК |
| | Воведување на јасна обврска во член 4 од Законот за заштита на укжаувачи, за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи во институциите од член 2, став 4; | Министерство за правда<br>ДКСК |
| Прецизно дефинирање на концептот и опфатотот на политиките на интегритет со цел јасен преглед на обврските кои им се наметнуваат институциите. | Подготовка на подзаконски акти кои ги дефинираат и систематизираат политиките и законите кои го сочинуваат системот за интегритет (на пр. заштита на укажувачи, јавна внатрешна финансиска контрола, надворешна ревизија, стандарди за управување со ризици, систем за управување со квалитетот и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, и др.). | Влада на РМ (Заменик Претседател на Влада задолжен за борба против корупција и криминал)<br>ДКСК |

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Координирано воведување на политики за интегритет во јавниот сектор, со што значително се зајакнува системот за превенција и рано откривање на корупцијата и судирот на интереси (наспроти супресија);
- Навремено преземање на мерки за спречување на корупција и судир на интереси, со што потенцијално се намалува зачестеноста и штетата предизвикана од корупцијата и судирот на интереси;
- Унапредување на квалитетот на управување, а со тоа и зголемување на довербата во јавниот сектор.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Измените на законот/ите не повлекуваат фискални импликации. Но, за нивната имплементација потребни се средства.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- МИОА, *Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 и Акциски план* (2018), стр.46. Достапно на:

[5] Министерство за финансии, Насоки за управување со ризикот од измама и корупција (2017). Достапно на: https://finance.gov.mk/files/u249/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D0%BA%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B009.06.2017.doc

[6] За повеќе информации кои кривични дела Јавното обвинителство смета дека можат да се извршат со корупција погледнете во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2018 година (2018), стр. 32, достапен на: http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/godishen-izveshtaj-za-raboteneto-na-javnoto-obvinitelstvo-na-republika-severna-makedonija-za-2018-godina.pdf

http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/srja_2018-2022_20022018_mk.pdf

- ГРЕКО, *Петти круг на оценка: Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот* (2018). Достапно на: https://rm.coe.int/-/168095378e
- НВО Инфоцентар, *Антикорупциски политики и практики на општините* (2020). Достапно на: https://nvoinfocentar.mk/opstinite-nemaat-politiki-i-mehanizmi-za-antikorupcija/
- Министерство за финансии, *Насоки за управување со ризикот од измама и корупција* (2017). Достапно на: https://finance.gov.mk/files/u249/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D0%BA%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B8%D0%B7%D0%BC%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B8%20%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B009.06.2017.doc
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, *Годишен извештај за работата на јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2018 година* (2018). Достапно на: http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/godishen-izveshtaj-za-raboteneto-na-javnoto-obvinitelstvo-na-republika-severna-makedonija-za-2018-godina.pdf

23.09.2020 година

Потпис на застапникот

Ф. Каранфилова

Фани Каранфилова-Пановска,
извршна директорка

М.П.

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА
* СКОПЈЕ *